СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Број 09-2196/2
26.06.2026
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 12.седница

Дванаесеттата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на ден 26.06.2026 година (петок), во Мултифункционалниот центар, со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот на Општина Делчево.

Оправдано отсутен беше Горан Димитровски.

Претседателот на Советот пред почетокот на седницата ги запозна членовите на Советот со неговото учество на работен состанок на Претседателите на Советите на единиците на локалната самоуправа во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“, при што истакна дека на состанокот биле разменети искуства и добри практики, а посебен акцент бил ставен на потребата Советите да се подготват за тековните процеси на децентрализација и да ја зајакнат својата улога во локалното управување.

„Како претставник на Општина Делчево, ги споделив искуствата и практиките од работата на Советот, нагласувајќи ја важноста на конструктивната соработка меѓу локалната власт, администрацијата и граѓаните за создавање подобри услови за развој на општините. Ваквите средби придонесуваат за поефикасна и потранспарентна локална самоуправа“, истакна претседателот на Советот.

Исто така тој истакна дека од неодамна на системот за електронски седници на Советот, се прикачени и податоци за членувањето на советниците во сите комисии на Советот.

За 12.седница на Советот тој го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 10.седница
-Усвојување на Записник од 11.седница

1. Предлог-Статут за изменување на Статутот на Општина Делчево;
2.Предлог-Одлука за промена на седиштето на Општина Делчево;
3. Предлог-Одлука за изменување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;
4.Предлог-Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Делчево;
5. Предлог-Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода- голомразица на територијата на Општина Делчево во месец мај 2026 година;
Образлагач: Ивана Ивановска-Раководител на Одделението за правни и општи работи
6. Годишен план за вработување за 2027 година на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево со Предлог-Одлука за давање согласност;
Образлагач: Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

7. Предлог-Одлука за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев„-Делчево;
8. Предлог Одлука за парична помош по барање бр.09-2092/1 од 09.06.2026 година;
9. Предлог Одлука за парична помош по Барање 09-2195/1 од 19.06.2026 година;
Образлагач: Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево.
10. Предлог-Одлука за давање на согласност за отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад;
Образлагач: Кристина С.Цинцовски-Советник за ЛЕР.
11. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година;
Образлагач: Даниела Такева, Советник за односи со јавност.
12 .Прашања и предлози на членови на Совет.

Беше отворена расправа по точката.

За збор се јави претседателот на Советот кој имаше предлог за дополнување на дневниот ред со точка-Предлог-Одлука за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Делчево“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски-зелени зони;

Предлогот за дополнување на дневниот ред беше ставен на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, предлогот за дополнување на дневниот ред за 12.седница беше прифатен.

Беше отворена расправа по Записникот од 10.седница

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а записникот беше ставен на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“,Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 10.седница.

Беше отворена расправа по Записникот од 11.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а записникот беше ставен на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“,Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 11.седница.

На гласање беше ставен и дневниот ред за 12.седница со дополнетата точка.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“,Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 12.седница.

Прва точка-Предлог-Статут за изменување на Статутот на Општина Делчево;

Оваа точка беше образложена од страна на Даниела Такева која истакна дека во Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), се вршат 2 измени и тоа

1. Во глава I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, Член 4 се менува и гласи:

„Седиштето на Општината е во Делчево, на ул.„ Љубомир Белогаски“ бр.1.“ Оваа одредба се предлага бидејќи Советот на Општина Делчево донел Одлука за промена на име на улица, односно ул. „Светозар Марковиќ“ се менува во ул. „Љубомир Белогаски“.

Втората измена се однесува на глава X. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА, имено Член 137 се менува и гласи:

„ Кога Советот на општината ќе оцени дека се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа, донесува Одлуката за основање на урбана односно месна заедница.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој имаше забелешка по 2.измена кој се однесува на глава X. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА, имено Член 137.

Тој смета дека со оваа измена се намалува учеството на граѓаните и можноста да одлучуваат за основање облици на месна самоуправа, нема јасни критериуми и мерила и е намалена легитимноста.

Тој предложи членот 137 да гласи:

"Советот на Општина Делчево донесува одлука за основање на облик на месна самоуправа по сопствена иницијатива или на предлог на граѓани"./

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на Игор Гошевски за член 137 од Статутот.

Со 3 гласа „ЗА" и 11 „ВОЗДРЖАНИ", предлогот на беше прифатен.

На гласање беше ставен и Предлог-Статутот за изменување на Статутот на Општина Делчево.

Со 11 гласа „ЗА" и 3 „воздржани", Советот на Општина Делчево го донесе Статутот за изменување на Статутот на Општина Делчево.

Втора точка-Предлог-Одлука за промена на седиштето на Општина Делчево;

Точката ја образложи Даниела Такева која истакна дека со оваа одлука се менува седиштето на Општина Делчево кое досега е регистрирано на ул.Светозар Марковиќ бр.1, со тоа што во иднина седиштето на општината да гласи:„Седиштето на Општина Делчево е на ул.Љубомир Белогаски бр.1, Општина Делчево ".

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", 1 „воздржан," Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Трета точка-Предлог-Одлука за изменување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;

Точката ја образложи Даниела Такева која истакна дека со оваа одлука во членот 2 ставот 2 се менува и гласи:

„ Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица ќе се склучи согласно одредбите од член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка".

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", 1 „воздржан," Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Четврта точка-Предлог-Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Делчево;

И оваа точка ја образложи Даниела Такева која истакна дека со оваа Одлука се формира Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Делчево. Општинскиот совет за превенција на детско престапништво има 9 (девет) членови и истите се именуваат за време од пет години, со право за повторен избор.Членовите на општинскиот совет од своите редови избираат претседател, со мандат од 2 (две) години, со право на повторен избор.Општинскиот совет:

- донесува годишни програми за својата работа што ја усвојува Советот на општината,
- деловник за својата работа на подрачјето на општината,
- вршат работи за следење на состојбите, покренуваат
- иницијативи за нивното подобрување и
- развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејства што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Персоналниот состав на Општинскиот совет е наведен во член 2 на оваа одлука, доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор тој истакна дека формирањето на овој совет за детско претстапништво е законска обврска на Општината чија главна цел е да придонесе за спречување на детското престапништво и да обезбеди подобра заштита и поддршка на децата во ризик и младите. Неговата работа е важна затоа што се фокусира на превенција, а не само на реакција по извршено престапништво. Преку рано препознавање на ризиците, соработка меѓу институциите и вклучување на локалната заедница, се настојува да се намали бројот на деца кои доаѓаат во судир со законот и да се подобрат условите за нивен здрав развој и ресоцијализација.

„Повикувам како советници да ја донесеме оваа одлука“, истакна претседателот на Советот.

Расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“,Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Петта точка- Предлог-Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода- голомразица на територијата на Општина Делчево во месец мај 2026 година;

Образлагач и по оваа точка беше Даниела Такева која истакна дека со ова Решение се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Делчево, во следниот состав:

1. Кире Цоневски-преставник од општинската администрација при Општина Делчево
2. Дејан Јовановски, претставник од Совет на Општина Делчево;
3. Тони Стаменковски, претставник од Совет на Општина Делчево;
4. Игор Гошевски, преставник од Совет на Општина Делчево;
5. Харис Мингаров - претставник од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево;
6. Александра Ковачка - претставник од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево;
7. Александар Димитровски- предлог на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево.

При процена и утврдување на висината на штетата, Комисијата ќе ја применува Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/2021).

Проценетите штети, Комисијата ги евидентира на пропишани обрасци и табели согласно Методологија. Комисијата во својата работа ќе соработува со надлежните државни органи, научно-стручни институции и по потреба ќе ангажираат и стручни лица – експерти од соодветната област по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Делчево.

Проценатa и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

За својата работа Комисијата изработува Извештај за проценатa на штетите во вид на елаборат согласно Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и истиот го доставуваат до Советот на Општина Делчево на разгледување и усвојување и до Владата на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека според него многу несеризоно е сфатена оваа ситуација со штетата и се доцни многу со формирањето на оваа комисија. Вонредната седница била свикана навреме, но комисијата се формирала дури два месеца по вонредната седница и според него прашање е колку ќе има ефект одењето на терен. По одржувањето на вонредната седница од страна на граѓните се очекувала брза реакција, формирање на комисија и излегување на терен. Тој праша по кој критериум се изберени членовите во оваа комисија?

Даниела Такева рече дека комисијата е формирана согласно законските одредби, со вклучување на стручни лица и претставници од сите релевантни институции.

Игор Гошевски рече дека оваа комисија подлежи на контрола пред Советот на Општината за сработеното и затоа е подобро доколку некој не е стручен за таа работа да се изземе од учеството во неа.

Тони Стаменковски рече дека се согласува со дискусијата на Игор Гошевски и рече дека тој како член на Советот смета дека не е стручен за да врши проценка на штета на земјоделски насади. Исто така навистина многу е задоцнето формирањето на оваа комисија, рече Тони Стаменковски.

Даниела Такева рече дека составот на комисијата е добар, има стручни лица (земјоделски инжинери), има претставници од општинската дминистрација со искуство кои долги години учествуваат во ваква комисија и смета дека оваа комисија ќе одговори а задачата за која е формирана.

Претседателот на Советот рече дека оваа комисија не може да биде составена само од земјоделски инжинери и добро што има претставници и од Советот на Општината кои со своето учество во оваа комисија ќе дадат свој придонес, ќе имаат увид во самата работа и на некој начин ќе бидат коректор во работата на комисијата.

Адријана Илиевска Велковски рече дека оваа комисија е добра можност за членовите на Советот од опозицијата да се докажат со својата работа во неа и да покажат дека покрај критикувањето може и да даваат свој придонес во вршењето проценка на штетите предизвикани од голомразицата.

Игор Гошевски имаше контрареплика на А.И.Велковски и рече дека оваа комисија и нејзината работа не треба да бидат и не се политика, ова треба да биде професионално и стручно завршена работа бидејќи граѓаните очекуваа брза реакција, ане гормирање на комисија после 2 месеци. Исто така, тој истакна дека не тие како членови во оваа комисија не рекле дека нема и не сакаат да работат, туку прашањето е дали и колку се стручни за оваа работа и потенцираше дека комисијата треба да биде исклучиво од стручни лица и рече декадека тој се залага пред се за стучни лица.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, „против“ и „воздржани“ нема Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Шеста точка- Годишен план за вработување за 2027 година на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево со Предлог-Одлука за давање согласност;

Образлагач по оваа точка беше Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој истакна дека до Советот е доставено Барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево со кое се бара од Советот да донесе Одлука за согласност на овој план. Тој истакна дека вкупно вработени во институцијата се 21, од кои 4 се административни службеници, а 17 помошно-технички лица. Во следната година не се планираат унапредувања, се планира намалување на вработените и тоа 1 лице по основ на пензионирање, на работно место хигиеничар, нема заминувања од институцијата поради други основи. Во врска со планираното зголемување на вработените во институцијата (нови вработувања), тој истакна дека се планираат 4 нови вработувања и тоа сите хигиеничари, 3 по основ на пензионирање и 1 поради смрт.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, 2 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема и 1 советничка која се изземува од гласање, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за согласност на Годишен план за вработување за 2027 година.

Седма точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев„-Делчево;

Точката беше образложена од страна на претседателот на Советот кој рече дека од страна на КУД „Гоце Делчев“ до Советот на Општина Делчево е поднесено Барање за финансиска поддршка за учество на престижниот светски фестивал за култура, уметност и туризам во Чајџума-провинција Зондулаг (Азија)-Турција. Фестивалот ќе се одржи во периодот од 15 до 21 јули 2026 година. Во врска со ова Барање тој предложи сума од 10.000 денари.

Беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека е апсурдно кога на истата седница кога се предлага измена на Програмата за кулчтура да се крата средствата на КУД Гоце Делчево кој несоменео е најголемиот амбасадор на Општина Делчево во државата и надвор од неа. Првично на системот за електронски седници била прикачена одлука со 30.000 денари, а сега се предлага сума од 10.000 денари иако тие во барањето наведуваат дека бараат 60.000 денари. Апсурдно кога овој ист состав на Советот двапати донесува одлуки за набавка на пушки, а се кратат средства за култура, рече тој.

Горан Николовски, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР истакна дека оваа точка била разгледувана на седница на Комисија и е одлучено да се доделат средства во износ од 10.000 денари бидејќи КУД „Гоце Делчев“ веќе добиле средства од буџетот на општина Делчево по јавниот повик за здруженија. Во нивното барање е наведено дека бараат средства за набавка на поклони, сметаме дека 10.000 денари е доволно, рече тој.

Игор Гошевски рече дека во Барањето тие бараат 60.000 денари плус набавка на поклони, сигурно овие пари не им биле предвидени и средствата што ги добиле по повикот можеби не им се доволни и затоа поднесуваат ново барање, затоа предлагам сумата да биде 60.000 денари.

Претседателот на Советот рече дека финансиската состојба е таква за да не може да се доделуваат толку средства, според информации од стручните служби голем дел од тие средства предвидени со буџетот веќе се потрошени, а исто така им се доделени средства по јавниот повик, рече тој.

Предлогот на советникот Игор Гошевски беше ставен на гласање.

Со 3 гласа „ЗА“, 1 „против“ и 10„воздржани“, предлогот не беше прифатен.

На гласање беше ставена и Одлуката за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев„-Делчево;

Осма точка-Предлог Одлука за парична помош по барање бр.09-2092/1 од 09.06.2026 година;

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до Советот е поднесено барање од страна на наш сограѓанин од с. Разловци, кој е невработен и во лоша финансиска состојба. Првичната сума беше поголема, но на седницата на Комисијата за финансии и буџет, имајќи ја предвид финансиската состојба на Општината било предложено сумата да се намали бидејќи веќе со Решение на градоначалникот му е доделена сума од 6.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Деветта точка-Предлог Одлука за парична помош по Барање 09-2195/1 од 19.06.2026 година;

Образлагач и по оваа точка беше Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече оваа одлука се однесува на парична помош за санирање на покрив на смејена куќа на наш сограѓанин од с.Тработивиште. Предложената сума е 10.000 денари.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Десетта точка-Предлог-Одлука за давање на согласност за отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад;

Образлагач по оваа точка беше Кристина С.Цинцовски-Советник за ЛЕР која рече дека со оваа одлука се дава согласност движните ствари за кои Советот на Општина Делчево има донесено Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишен одбор на ООУ Св.Климент Охридски Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4 заведена под бр.09-867/1 од 12.03.2026 година, Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишен одбор на СОУ М.М.Брицо Делчево за отуѓување на електронски електричен отпад за кои сметководствената вредност е нула а кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат и неможат да се дадат на кростење, продадат или разменат заведена под бр.09-541/1 од 12.02.2026 година и Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Записник за селекција, евиденција и отуѓување на електронски отпад бр.02-64/6 од 23.03.2026 година донесена од Училишен одбор на ОЈУДГ Весели Цветови Делчево заведена под бр.09-1147/1 од 31.03.2026 година да се предадат на правно лице со кое Општина Делчево има склучено Договор, а кое е регистрирано за вршење дејност и поседува лиценца и дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари-опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви. Составен дел на одлуката се и Прилози 1,2 и 3 кои се доставени до членовите на Советот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, 1 „воздржан“, против нема, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Единаесетта точка-Предлог-Програма за измена и дополнување на Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година;

Образлагач по оваа точка беше Даниела Такева, Советник за односи со јавност.

Во врска со оваа точка таа истакна дека во Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година број 09-869/1од 12.03.2026 година на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/2026), во точка 5.4.21 - Делчевско лето (Прв и Втор дел) во делот Активности, по алинеја 1 се додаваат нови алинеи 2 и 3 кои гласат:

- Организирање целовечерен концерт на познати македонски музички артисти;
- Организирање целовечерен концерт на познати странски артисти.

Во Табелата „VI Акциски план за Програмата за 2026“, точка 12, колона буџет, „300.000,оо“ се заменува со „600.000,оо “.

Алинеите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат алинеи: 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

Во Табелата „VI Акциски план за Програмата за 2026“, точка 12, колона буџет, „300.000,оо“ се заменува со „600.000,оо “.

Во Табелата „VIII ФИНАНСИСКИ ДЕЛ -4.1 Табеларен преглед на настани и финансии“, точка 12, колона Буџет во денари, „300.000,оо“ се заменува со износ „1.000.000,оо“.

Во Табела 1 од Табеларен преглед на настани и финансии во делот вкупно, колона Буџет во денари, „705.000,00“ се заменува со износ „1.035.000,оо“.

Во Табела 1+2 од Табеларен преглед на настани и финансии во делот вкупно, колона Буџет во денари, „1.035.000,00“ се заменува со износ „1.335.000,оо“.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Тодоровска која рече како советничга група на ВМРО ДПМНЕ тие ја поздравуваат идејата ова лето да се збогати културната понуда во Делчево со повеќе настани и содржини и како претседател на Комисијата за јавни дејности предложи сумата од 600.000 денари да се зголеми на 1.000.000 денари.

Процедурално реагираше Игор Гошевски кој рече дека кога се предлага една сума да се замени со друга, или да се зголеми или намали некоја сума, треба да се каже од која ставка се средствата.

Даниела Такева рече дека наскоро треба да има Измени и дополнувања на буџетот и тоа ќе биде земено предвид, односно средствата ќе бидат опфатени со ребалансот.

Игор Гошевски рече дека е нелогично прво да се донесува Измена на Програмата, а потоа ребаланс.

Претседателот на Советот ја затвори расправата и на гласање го стави предлогот на Билјана Тодоровска:

Во Табелата „VI Акциски план за Програмата за 2026“, точка 12, колона буџет, „300.000,оо“ се заменува со „1.000.000,оо “.

Со 11 гласа „ЗА“ и 3 „против“, „воздржани“-нема, предлогот беше прифатен

На гласање беше ставена Програмата за измена и дополнување на Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година со претходно прифатениот предлог.

Со 11 гласа „ЗА“, 2 „воздржани“ и 1 „против , Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година.

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Делчево“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски-зелени зони;

Образлагач по оваа точка беше Иван Гоцевски-Градоначалник на Општина Делчево кој рече дека Технолошко индустриска развојна зона „Делчево“ е основана со одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.42-449/1 на 10.02 2015г., како дел од поширокиот систем на технолошко индустриски развојни зони на територијата на државата.

Со измените во законската регулатива, односно со Законот за индустриски-зелени зони, е предвидена можност технолошко индустриска развојна зона да се трансформира во индустриска зона, во постапка утврдена со закон, на предлог на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и со одлука на Владата на Република Северна Македонија.

Тој ги запозна членовите на Советот дека бил на работен состанок со претставници на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и дека на состанокот биле образложени законските прописи, текот на трансформацијата и чекорите кои треба да ги преземе општината за трансформацијата на зоната. Според него ова решение отвора нова перпективa на зоната во Делчево која е скоро 15 години нефункционална, а со оваа транформација Општината ќе има поголема контрола врз земјиштето и развојот на зоната и

наместо само да чекаме големи странски фабрики, зоната може да се нуди на домашни компании, мали и средни бизниси, магацини, лесна индустрија и сл.

„Сметам дека на овој начин може побрзо да се активира просторот, а од друга страна општината би добивала приходи од комуналии, закупнини и сл.Очекувам по преземањето на соодветните административни чекори согласно со законските одредби, да испишеме нова страница од локалниот економски развој на Делчево. Зоната во Делчево има одлична локација со површина од 20, 83 хектари и овде има 8 градежни парцели за капацитети од лесна незагадувачка индустрија. Инаку, со Законот, се опфатени и технолошко-индустриските развојни зони во Виница, Берово, Ранковци, Радовиш,Кичево и Кратово“, истакна Градоначалникот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и го праша градоначалникот дали до септември месец може да се заокружи процесот со трансформација на ТИРЗ?

Градоначалникот истакна дека најдоцна до 15 јули 2026 година треба да се достави Одлуката на Советот до Дирекцијата, потоа Општината и Дирекцијата ќе поднесат барање до Владата на РСМ за давање на трајно користење на индустриската зона на Општина Делчево и би требало до мсец септември целиот тој процес да заврши.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Делчево“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски-зелени зони.

Тринаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.

Адријана Илевска Велковски координатор на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ рече дека по завршувањето на оваа седница, до Архива на Општина Делчево ќе бидат доставени прашања до градоначалникот на Општина Делчево во врска со долгот на Општина Делчево кон ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 12.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 11:30 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски